**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕДЛОГ**

# ЗАПИСНИК
# ОД XIV-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА ИСРМ
# ОДРЖАНА НА 05.06.2017 ГОДИНА

Скопје, јуни 2017 година

## ПРЕДЛОГ ЗАПИСНИК
## ОД XIV-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА ИСРМ

Датум на одржување: **05 јуни 2017 година**

Време на одржување: **12:00 – 14:00 часот**

Место на одржување: **ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**

Со работата на XIV-та седница на Собранието на ИСРМ раководеше претседателот на Собранието, проф. д-р Ѓорѓи Груевски. Тој ги поздрави присутните, констатира дека на седницата се присутни 54 членки на ИСРМ од вкупно 107 членки со што согласно член 24 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на ИСРМ е обезбеден потребниот кворум за да може Собранието полноправно да работи и одлучува.

Проф. д-р Ѓорѓи Груевски се заблагодари за присуството и ја отвори XIV-та седница на Собранието на ИСРМ.

Претседателот на Собранието на ИСРМ предложи усвојување на следниот:

## <u>ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД</u>

1. Усвојување на Записникот од XIII – та Седница на Собранието на ИСРМ;
2. Усвојување на Извештај за работа на Советот на ИСРМ за 2016 година;
3. Информација за Извештај за работа на ИСРМ за 2016 година;
4. Информација за донесена Програма за работа на ИСРМ во 2017 година;
5. Информација за платена членарина
   Донесување на Одлука за исклучување на членки на ИСРМ кои не платиле членарина;
6. Информација за начинот на определување на висината и плаќањето на членарината за 2017 година;
7. Разно.

Сите материјали подготвени за оваа седница на членовите на Собранието на ИСРМ им беа достапни на веб страницата на ИСРМ.

Согласно член 24 став 4 од Деловникот за работа на Собранието на ИСРМ, предложениот дневен ред беше едногласно усвоен, по што се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.

**Точка 1: Усвојување на Записникот од XIII – та Седница на Собранието на ИСРМ**

Претседателот на Собранието на ИСРМ констатира дека нема забелешки по предлог Записникот од XIII-та Седница на Собранието на ИСРМ одржана на ден 22.03.2016 година и истиот го стави на гласање.

Собранието на ИСРМ, согласно член 24 став 5 и 6 од Деловникот за работа на Собранието на ИСРМ, ја донесе следната

**ОДЛУКА:**

**СОБРАНИЕТО НА ИСРМ ЕДНОГЛАСНО ГО УСВОИ ЗАПИСНИКОТ ОД XIII-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА ИСРМ ОДРЖАНА НА ДЕН 22.03.2016 ГОДИНА**

**Точка 2: Усвојување на Извештај за работа на Советот на ИСРМ за 2016 година**

Претседателот на Собранието на ИСРМ му даде збор на г-дин Леко Ристовски, Претседател на Советот на ИСРМ.

Г-дин Ристовски ги информира присутните дека во текот на 2016 година Советот на ИСРМ одржа 13 седници на кои беа донесени одлуки за измена и дополнување на одлуките за формирање на технички комитети, одлуки за формирање и укинување на работни групи, одлуки во врска со подготовка и усвојување на изворни македонски стандарди и.т.н. Претседателот на Советот на ИСРМ даде информација за бројот на европски и меѓународни стандарди и стандардизациски документи, амандмани и коригендуми од областа на општа и електротехничка стандардизација усвоени како македонски во текот на 2016 година, како и за бројот на македонските стандарди и стандардизациски документи, амандмани и коригендуми од областа на општа и електротехничка стандардизација повлечени во текот на 2016 година. Присутните беа информирани дека во 2016 година донесена е новата верзија на Статутот на ИСРМ, Деловникот за измена и дополнување на Деловникот за работа на Советот на ИСРМ и Деловникот за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на ИСРМ.

Претседателот на Собранието на ИСРМ констатира дека нема предлози и забелешки по однос на Извештајот на Советот на ИСРМ и истиот го стави на гласање. Собранието на ИСРМ ја донесе следната

**ОДЛУКА:**

**СОБРАНИЕТО НА ИСРМ ЕДНОГЛАСНО ГО УСВОИ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ИСРМ ЗА 2016 ГОДИНА**

**Точка 3: Информација за Извештај за работа на ИСРМ за 2016 година**

Претседателот на Собранието на ИСРМ даде појаснување дека Извештајот за работата на ИСРМ за 2016 година е усвоен со одлука донесена од страна на Советот на ИСРМ, а потоа му даде збор на директорот на ИСРМ, г-дин Љупчо Давчев.

Директорот на ИСРМ ги поздрави присутните и даде појаснување за органите на ИСРМ, односно за бројот на членки на ИСРМ, бројот на членови на Советот на ИСРМ и одржани седници на Советот, како и за одборот за контрола на материјално-финансиско работење. Присутните беа информирани за секоја програмска цел поединечно. Беше даден податок за бројот на македонски стандарди и стандардизациски документи усвоени во текот на 2016 горина, за бројот на повлечени конфликтни и неприменливи стандарди во 2016 година, како и за вкупниот број на македонски стандарди и стандардизациски документи усвоени до декември 2016 година. Г-дин Давчев даде информација дека бројот на формирани технички комитети изнесува 28, а во текот на 2016 година одржани се 47 состаноци на техничките комитети на ИСРМ. Беше истакната важноста на учеството на техничките комитети од ИСРМ во работата на техничките комитети на меѓународно и европско ниво, а беше дадена информација и за бројот на ИСРМ ТК кои ја следат работата на техничките комитети во CEN CENELEC, ISO и IEC.

Г-дин Давчев ги информира присутните дека Генералното Собрание на европските тела за стандардизација CEN/CENELEC во јуни минатата година се одржа во Скопје и на истото присуствуваа околу 200 гости. На Генералното Собрание покрај претставниците на националните институти за стандардизација, присуствуваа и претставници од Европската комисија, претставници од реномирани светски компании и.т.н.

Во однос на кадровскиот капацитет директорот на ИСРМ појасни дека во споредба со минатата година бројот на вработени е намален за еден вработен поради негово заминување во пензија, со што вкупниот број на вработени изнесува 25.

Директорот на ИСРМ даде појаснување во врска со организираните обуки од страна на ИСРМ и можноста заинтересираните страни да дадат предлог за организирање на нови обуки. Исто така, присутните беа информирани и за обврските на ИСРМ околу нотификацијата на усвоените македонски стандарди во европските тела за стандардизација CEN/CENELEC и CEFTA, за бројот на продадени стандарди во текот на 2016 година. Во однос на сертификација директорот појасни дека активностите

се во завршна фаза. Исто така, присутните беа информирани дека членарината за 2016 година е целосно подмирена.

Членовите на Собранието беа информирани за проектот TAIEX преку кој беа спроведени неколку обуки и за IPA проектот кој завршува на 28 јуни и во кој беа вклучени активности од сертификација, одредени активности од еврокодови, одржани обуки и набавена е опрема која се чека да биде ставена во употреба.

Претседателот на Собранието на ИСРМ констатираше дека нема забелешки и предлози по однос на Извештајот за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2016 година и Собранието на ИСРМ го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК:**

**СОБРАНИЕТО НА ИСРМ ЈА ПРИФАТИ ДАДЕНАТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ИСРМ ЗА 2016 ГОДИНА**

**Точка 4: Информација за донесена Програма за работа на ИСРМ во 2017 година**

Во врска со оваа точка од дневниот ред претседателот на Собранието на ИСРМ му даде збор на директорот на Институтот.

Во своето излагање г-дин Давчев, најпрво ја презентира институционалната структура на ИСРМ, т.е. бројот на членови на Собранието на ИСРМ, на Советот на ИСРМ и на одборот за материјално-финансиско работење. Директорот на ИСРМ ги информира присутните за можноста да се пријават како надворешни експерти, односно водечки аудитори за стандардот ISO 9001. Потоа се осврна на стратешките активности на ИСРМ и ги образложи обврските кои произлегуваат како полноправна членка во европските тела за стандардизација CEN/CENELEC, односно воспоставување и одржување на систем за сертификација на системи за менаџмент со квалитет; организирање на обуки; организирање на промотивни кампањи за зголемување на свесноста од употребата на стандардите; и воведување на знакот Македонско сонценце.

Директорот на ИСРМ ги информира присутните за програмските цели на ИСРМ кои вклучуваат усвојување на национални македонски и усвојување на меѓународни и европски стандарди и стандардизациски документи како македонски и повлекување на конфликтните стандарди; следење на работата на ISO/TC, IEC/TC, CEN/TC, CENELEC/TC; учество во ISO/DEVCO, ISO/COPOLCO, ISO/CASCO. Исто така беше дадена информација дека ИСРМ е член во Советот на ISO како претставник на 134 земји во развој. ИСРМ е потписник на FPA (Framework Partnersip Agreement) со Европската Комисија за проекти поврзани со стандардизација со што е остварена можноста Европската Комисија да ги покрие трошоците за превод на околу педестина стандарди од македонски на англиски јазик.

Во однос на кадровскиот капацитет г-дин Давчев истакна дека вкупниот број на вработени изнесува 25, но треба да изнесува вкупно 28, односно според барања во НПАА планирано е еден нов вработен во секторот за сертификација и двајца нови вработени во секторот за информации.

Во врска со сертификациските активности, во оваа година планирани активности за реализација се воспоставување и одржување сертификациска активност во рамките на Институтот и добивање на акредитација по стандардот ISO 17021-1:2015 за системи за менаџмент со квалитет согласно со стандардот МКС EN ISO 9001-2015.

Во врска со проектот IPA кој е во завршна фаза, присутните беа информирани за спроведените обуки во месец мај 2017 година во Скопје и Битола од областа на храна и од областа на CE означување на врати и прозорци, како и за набавената опрема поради што во наредниов период е можно да има проблеми со веб страната на ИСРМ во деновите кога ќе се врши миграција од постоечката опрема на новата. Директорот на ИСРМ ги информира присутните за можноста доколку има заинтересираност за спроведување на одредена обука или учество на советување да достават барање до ИСРМ бидејќи е можна реализација на истото преку проектот TAIEX (Technical Assistance Information Exchange Instrument of the European Commmission)

Директорот на ИСРМ ги информира присутните за приходите на ИСРМ од кои дел се од буџетот на РМ, а дел се од сопствени приходи, како и за буџетот за 2017 година.

Претседателот на Собранието на ИСРМ ја стави на дискусија Програмата за работа на ИСРМ во 2017 година и се констатира дека нема забелешки и предлози. Проф д-р Груевски даде појаснување дека согласно со Деловникот, членовите на Собранието на ИСРМ треба да гласаат за прифаќање на информацијата со што Собранието на ИСРМ едногласно го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК:**

**СОБРАНИЕТО НА ИСРМ ЈА ПРИФАТИ ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ИСРМ ВО 2017 ГОДИНА**

**Точка 5: Информација за платена членарина**

Претседателот на Собранието на ИСРМ ги информира присутните дека списокот на членки кои немаат платено членарина е доставен до сите членови.

**Донесување на Одлука за исклучување на членки на ИСРМ кои не платиле членарина**

Членот на Институтот мора редовно да ја плаќа годишната членарина во согласност со член 11 од Статутот на ИСРМ бр. 07-124/2 од 11.02.2004 година. Согласно со членот 14 или врз основа на писмена изјава на Членот изразувајќи ја волјата за прекинување на членството, Собранието на ИСРМ донесува одлука за исклучување на членот доколку не се придржува на членот 11 од Статутот на ИСРМ. Според член 6 од Правилникот за начинот за определување на висината и плаќањето на членарината бр.07-763/7 од 23.06.2004 година, кога членарината не е платена до утврдениот рок во тековната година и после две последователни писмени опомени, Советот на ИСРМ му предлага на Собранието на ИСРМ да донесе одлука за исклучување на членот.

Собранието на ИСРМ ја донесе следната

**ОДЛУКА:**

- **СЕ ИСКЛУЧУВААТ ОД ЧЛЕНСТВО ПОРАДИ НЕПЛАТЕНА ГОДИШНА ЧЛЕНАРИНА СЛЕДНИТЕ ЧЛЕНКИ НА ИСРМ:**

    1. **ТСГ Индустри Сервице ДОО - Скопје**
    2. **ОХИС АД - Скопје**
    3. **Технички факултет – Битола**
    4. **“БЛАКОМ” ДООЕЛ – Скопје**
    5. **САЈБОЛТ ПАН АДРИАТИКА ДОО – Скопје**
    6. **ГАЈАТРИ – Центар за креативно и здраво живеење**
    7. **ФЕРОИНВЕСТ - Скопје**
    8. **ХЕРЦ КОНСАЛТИНГ – Скопје**

- **СЕ ИСКЛУЧУВА ОД ЧЛЕНСТВО ВРЗ ОСНОВА НА ПИСМЕНО БАРАЊЕ ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ЧЛЕНОТ:**

    9. **БАС ТУТИ ФРУТИ ДООЕЛ**

**Точка 6: Информација за начинот на определување на висината и плаќањето на членарината за 2016 година**

Директорот на ИСРМ информираше дека висината на членарината за 2017 година останува иста како и за минатата година, само последниот дел е изменет врз основа на последните податоци на Државниот Завод за Статистика на РМ во однос на просечната месечна исплатена нето-плата по вработен за 2016 година.

Претседателот на Собранието на ИСРМ ја стави на гласање информацијата за определување на висината и плаќањето на членарината, со што Собранието на ИСРМ го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК:**

**СЕ УСВОЈУВА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И ПЛАЌАЊЕТО НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2017 ГОДИНА**

**Точка 7: Разно**

Под точка разно за збор се јави г-дин Владо Тодоровски претставник од БЛАКОМ Инженеринг ДООЕЛ – Скопје кој истакна дека е член на техничкиот комитет ИСРМ ТК 31, но дека членките на техничките комитети од ИСРМ немаат никакви бенифити од нивното членство и предложи можност за ослободување од годишна членарина на членките во техничките комитети во ИСРМ.

Претседателот на Собранието на ИСРМ даде појаснување дека во врска со оваа забелешка, Собранието не носи Одлука, туку информацијата треба да се достави до Советот на ИСРМ кој потоа ја проследува на Собранието.

Претседателот на Советот на ИСРМ даде појаснување дека во ниедно тело за стандардизација во светот нема ослободување од плаќање на членарина поради членство во технички комитет, бидејќи членството во техничките комитети е доброволно, а членството во комитетите е со цел да ги заштитат своите права. Г-дин Ристовски истакна дека Советот на ИСРМ е отворен за соработка и дека г-дин Тодоровски може да присуствува и заеднички да дискутираат за оваа тема на Седница на Советот на ИСРМ.

Под точка разно за збор се јави заменик претседателот на Собранието на ИСРМ, м-р Синиша Спасов претставник од МЕПСО АД (Македонски електропреносен систем оператор) кој ја истакна важноста за изработка на национален нормативен аспект на стандардот МКС EN 54341 кој е од големо значење за енергетските компании во Македонија и сугерира Институтот на стандардизација на Република Македонија да обезбеди средства за изработка на истиот.

Директорот на ИСРМ даде појаснување дека Институтот не обезбедува средства, туку заинтересираната страна треба да донесе готов стандард кој потоа треба да биде проследен на соодветниот технички комитет кој го разгледува стандардот, а потоа треба да го одобри истиот.

За збор се јави г-дин Владо Тодоровски кој истакна дека е потребно да се потпише договор меѓу Институтот за стандардизација на Република Македонија и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија со цел подобрување на комуникацијата, поголеми бенифити на овластените членови, поголема пристапност и слично.

Директорот на ИСРМ даде појаснување дека во 2011 година ИСРМ има потпишано договор за соработка со Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, односно со тогашниот претседател на комората, проф д-р Страхиња Трпевски дипл. инж. арх. Г-дин Давчев појасни за можноста “”reading room”, за бенифитите на институциите, доколку сакаат да купат повеќе од 50 стандарди имаат можност за добивање лиценца за влез во базата на стандарди на ИСРМ каде за одреден времески период ќе имаат пристап до целосната содржина на документите без право на копирање.

За збор се јави г-дин Сашко Стојмановски претставник од Техноинспект ДОО Скопје кој побара појаснување околу достапноста на стандардите на членовите на Комората, односно појаснување дали сите членови на Комората имаат пристап до стандардите. Г-дин Стојмановски ја истакна можноста за поголемо користење на средствата од Европската унија, со оглед на тоа што во Република Македонија има многу квалитетни луѓе.

Директорот на ИСРМ даде појаснување дека достапноста на стандардите е различна во зависност од тоа кој пакет на стандарди ќе го одберат институциите, односно дека бројот на корисници

е различен во зависност од цената на избраниот пакет. Г-дин Давчев истакна дека начинот на работа на ИСРМ е идентичен со работата останатите институти за стандардизација, што произлегува од полноправното членство на ИСРМ во европските тела за стандардизација CEN/CENELEC. Директорот на ИСРМ ги информира присутните за можноста изработените нови проекти да бидат доставени на ИСРМ, а потоа на Европската комисија заради искористување на средствата од програмата за истражување и иновации Horizon 2020.

По завршување на сите точки од деневниот ред, претседателот на Собранието на ИСРМ им се заблагодари на присутните за соработката и ја затвори Седницата.

Четиринаесеттата Седница на Собранието на ИСРМ заврши со работа во 14:00 часот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕ НА ИСРМ

Проф. Д-р. Ѓорѓи Груевски

Записничари:

м-р Виолета Шареска-Ѓаковска, ИСРМ

Орхидеја Шутарова, ИСРМ